# Народна банка на Република Македонија
ДИРЕКЦИЈА ЗА СТАТИСТИКА

И бр.8

# Информација за надворешниот долг и меѓународната инвестициска позиција на Република Македонија на крајот на вториот квартал од 2018 година

септември 2018 година

На крајот на вториот квартал од 2018 година, **бруто надворешниот долг** изнесува 8.433 милиони евра и во споредба со состојбата на крајот на претходниот квартал е зголемен за 164 милиони евра, од кои 140 милиони евра е зголемување на приватниот долг, додека 25 милиони евра на јавниот долг. **Бруто надворешните побарувања** изнесуваат 5.438 милиони евра на крајот на вториот квартал и бележат квартално зголемување за 245 милиони евра, при зголемени приватни побарувања за 180 милиони евра и зголемени јавни побарувања за 66 милиони евра. Следствено, **нето надворешниот долг** во вториот квартал од 2018 година е намален за 81 милион евра и изнесува 2.995 милиони евра.

**Во однос на крајот на 2017 година**, бруто надворешниот долг е повисок за 1.060 милиони евра, при истовремен раст на јавниот и приватниот надворешен долг. Притоа, долгот врз основа на специфичните активности за управување со девизните резерви на централната банка[1] бележи зголемување од 293 милиони евра. Доколку се исклучи нивниот ефект, бруто надворешниот долг од почетокот на годината е зголемен за 768 милиони евра, во услови на раст и на приватниот и на јавниот бруто надворешен долг (за 444 и 323 милиони евра, соодветно). Бруто надворешните побарувања се повисоки за 920 милиони евра. Без ефектот од активностите на централната банка поврзани со управување со девизните резерви, бруто надворешните побарувања се зголемени за 629 милиони евра, со речиси подеднаков придонес кон растот на приватните и јавните надворешни побарувања (321 и 308 милиони евра). На нето основа, од почетокот на годината, надворешниот долг е зголемен за 140 милиони евра.

Негативната **нето меѓународна инвестициска позиција** во текот на вториот квартал од 2018 година е намалена за 49 милиони евра, што произлегува од намалувањето на нето-обврските врз основа на должнички инструменти (за 81 милион евра), делумно неутрализирани со зголемувањето на нето-обврските врз основа на сопственичките инструменти (за 32 милиона евра).
Согласно со горенаведеното, на крајот на вториот квартал од 2018 година, негативната нето МИП изнесува 6.071 милион евра, или 57,6% од проектираниот БДП за 2018 година. И натаму, најголем дел (81,8%) од овој износ се нето-обврски врз основа на директни инвестиции, од кои 72% се врз основа на сопственички капитал.

[1]Се однесува на репо активности на НБРМ. При склучувањето на репо-трансакциите се создаваат обврски (класифицирани под категоријата „заеми") коишто придонесуваат за зголемување на нивото на бруто-долгот. Истовремено, при склучувањето обратни репо-договори, создадените побарувања придонесуваат за зголемување на бруто-побарувањата. НБРМ врши истовремено врзано склучување репо и обратни репо-договори, во речиси идентични износи. Гледано во целина, бидејќи истовремено се склучуваат, на нето-основа овие трансакции имаат неутрален ефект, односно се јавуваат во речиси идентичен износ и на страната на обврските и на страната на побарувањата, поради што не се одразуваат на вкупниот нето надворешен долг.

## Надворешна задолженост и меѓународна инвестициска позиција на Република Македонија

| | 31.12.2017 | | 31.03.2018 | | 30.06.2018 | | квартална промена | | | промена во однос на крај на претходна година | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | мил. евра | % БДП | мил. евра | % БДП | мил. евра | % БДП | мил. евра | % | п.п. | мил. евра | % | п.п. |
| **Бруто надворешен долг** | **7,372.5** | **73.2** | **8,268.4** | **78.5** | **8,432.9** | **80.0** | **164.5** | **2.0** | **1.6** | **1,060.4** | **14.4** | **6.8** |
| ***Бруто надворешен долг без репо*** | **7,372.5** | **73.2** | **7,976.3** | **75.7** | **8,140.0** | **77.2** | **163.7** | **2.1** | **1.6** | **767.5** | **10.4** | **4.0** |
| Долгорочен долг | 5,607.2 | 55.7 | 5,981.5 | 56.8 | 6,064.0 | 57.5 | 82.5 | 1.4 | 0.8 | 456.8 | 8.1 | 1.8 |
| Краткорочен долг | 1,765.2 | 17.5 | 2,286.9 | 21.7 | 2,368.8 | 22.5 | 81.9 | 3.6 | 0.8 | 603.6 | 34.2 | 4.9 |
| Јавен долг | 3,461.8 | 34.4 | 4,053.1 | 38.5 | 4,077.9 | 38.7 | 24.8 | 0.6 | 0.2 | 616.1 | 17.8 | 4.3 |
| Приватен долг | 3,910.7 | 38.9 | 4,215.3 | 40.0 | 4,355.0 | 41.3 | 139.7 | 3.3 | 1.3 | 444.3 | 11.4 | 2.5 |
| **Бруто надворешни побарувања** | **4,517.8** | **44.9** | **5,192.4** | **49.3** | **5,437.8** | **51.6** | **245.4** | **4.7** | **2.3** | **920.0** | **20.4** | **6.7** |
| ***Бруто надворешни побарувања без обрат*** | **4,517.8** | **44.9** | **4,901.2** | **46.5** | **5,146.5** | **48.8** | **245.3** | **5.0** | **2.3** | **628.7** | **13.9** | **4.0** |
| **Нето надворешен долг** | **2,854.7** | **28.4** | **3,076.0** | **29.2** | **2,995.1** | **28.4** | **-81.0** | **-2.6** | **-0.8** | **140.4** | **4.9** | **0.1** |
| **МИП, нето** | **-5,822.5** | **-57.8** | **-6,119.9** | **-58.1** | **-6,070.7** | **-57.6** | **49.2** | **-0.8** | **0.5** | **-248.2** | **4.3** | **0.2** |

*/Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2017 година е проценет (извор: Соопштение „Бруто домашен производ на Република на Македонија" од 6.9.2018 година). Податокот за 2018 година е проекција на НБРМ.

Извор: НБРМ.




На крајот на вториот квартал од 2018 година бруто надворешниот долг изнесува 8.433 милиони евра, или 80% од проектираниот БДП за оваа година, при квартално зголемување на обврските од 164 милиони евра (или 2%).

Во однос на крајот на 2017 година, бруто надворешниот долг е повисок за 1.060 милиони евра (или 14,4%).

Извор: НБРМ.




Во структурата на бруто надворешниот долг и понатаму преовладува приватниот надворешен долг со учество од 51,6%.

Извор: НБРМ.

# Информација за надворешниот долг и меѓународната инвестициска позиција на Република Македонија, на крајот на вториот квартал од 2018 година




Извор: НБРМ.

Рочната структура на бруто-долгот е поволна, со доминантно учество на долгорочниот во вкупниот бруто надворешен долг (71,9%).




Извор: НБРМ.

Од аспект на секторската структура на бруто надворешниот долг, најзначајно учество има секторот „држава", на кој отпаѓаат 34,1% од вкупниот долг. Потоа, следуваат капитално поврзаните субјекти и останатите сектори, со учество од 28% и 27%, соодветно, додека помало учество имаат депозитните институции (6,5%) и централната банка (4,4%).




Извор: НБРМ.

Од аспект на застапеноста на одделните видови финансиски инструменти, заемите остануваат доминантни, со учество во вкупниот надворешен долг од 54,3%. Потоа следуваат должничките хартии од вредност и трговските кредити, со речиси идентично учество од 21,4% и 21%, соодветно.




Извор: НБРМ.

Валутната структура на обврските врз основа на заеми останува релативно стабилна, при што и натаму најголем дел од овие обврски (78,9%) се деноминирани во евра.




Извор: НБРМ.

Кварталното зголемување на бруто надворешниот долг (164 милиони евра) произлегува од растот на приватниот долг (140 милиони евра), а во помал дел и од растот на јавниот долг (25 милиони евра).




Извор: НБРМ.

Кварталното зголемување на јавниот надворешен долг за 25 милиони евра е резултат на зголемувањето на долгот на јавните банки и јавните претпријатија (за 28 милиони евра) и долгот на централната банка (за 3 милиони евра). Наспроти ова, долгот на државата во овој квартал е намален за 6 милиони евра.

# Информација за надворешниот долг и меѓународната инвестициска позиција на Република Македонија, на крајот на вториот квартал од 2018 година




Извор: НБРМ.

Зголемувањето на приватниот надворешен долг за 140 милиони евра во вториот квартал од 2018 година главно се должи на зголемениот долг на капитално поврзаните субјекти (93 милиони евра) и небанкарскиот приватен сектор (45 милиони евра), во најголем дел врз основа на заеми.




Извор: НБРМ.

Анализирано по институционални сектори, квартално зголемување на надворешната задолженост оствари капитално поврзаните субјекти (93 милиони евра), останатите сектори (83 милиони евра) и централната банка (3 милиони евра), при намалување на долгот на депозитните институции и на државата (за 7 и 6 милиони евра, соодветно).




Извор: НБРМ.

Во споредба со крајот на 2017 година, растот на надворешниот долг (за 1.060 милиони евра) се должи на зголемените обврски на јавниот, како и на приватниот сектор (за 616 и 444 милиони евра, соодветно). Доколку се исклучи ефектот од активностите за управување со девизните резерви на централната банка, јавниот долг во текот на 2018 година е зголемен за 323 милиони евра, додека вкупниот надворешен долг за 768 милиони евра.




Извор: НБРМ.

Од почетокот на годината, бруто надворешниот долг е зголемен кај речиси сите сектори, и тоа кај секторот „држава" (за 309 милиони евра), централната банка (за 294 милиони евра), капитално поврзаните субјекти (за 293 милиони евра) и останатите сектори (за 183 милиони евра). Депозитните институции се единствен сектор кај кој е остварено намалување на долгот (за 18 милиони евра).




Извор: НБРМ.

Бруто надворешните побарувања, на крајот на јуни 2018 година, изнесуваат 5.438 милиони евра, односно 51,6% од проектираниот БДП за оваа година. Во текот на вториот квартал побарувањата од нерезиденти се зголемени за 245 милиони евра (или 4,7%).

Во споредба со крајот на 2017 година, бруто надворешните побарувања бележат раст од 920 милиони евра (или 20,4%).




Извор: НБРМ.

На крајот на вториот квартал на 2018 година е забележано зголемено учество на приватните бруто надворешни побарувања (за 1,1 п.п.), додека на збирна основа ова учество е намалено (за 3,2 п.п.).




Извор: НБРМ.

Од аспект на рочната структура, краткорочните побарувања и натаму се доминантни и го зголемија учеството и на квартална основа и во однос на крајот на 2017 година (за 2,5 п.п. и 1,8 п.п., соодветно).




Извор: НБРМ.

Најголем дел (49,6%) од бруто надворешните побарувања ѝ припаѓаат на централната банка. По нив, според учеството во вкупните побарувања следуваат останатите сектори (19,7%), капитално поврзаните субјекти (17,8%), и депозитните институции (12,9%).




Извор: НБРМ.

Анализата на структурата на побарувањата врз основа на должнички инструменти покажува доминантно учество на хартиите од вредност (39,5%), по што следат трговските кредити (30,0%), валутите и депозитите (17,5%) и заемите (12,9%).




**Придонес во квартална промена на бруто надворешните побарувања - јавни и приватни (мил. евра)**

Извор: НБРМ.

Зголемувањето на вкупните бруто надворешни побарувања во вториот квартал (за 245 милиони евра) главно се објаснува со зголемените приватни побарувања (за 180 милиони евра), додека јавните побарувања се зголемени за 66 милиони евра.




**Придонес на потсекторите во кварталната промена на приватните побарувања (мил. евра)**

Извор: НБРМ.

Кварталниот раст кај надворешните побарувања на приватниот сектор произлегува главно од зголемените побарувања на небанкарскиот сектор (за 109 милиони евра) и на капитално поврзаните субјекти (за 64 милиони евра), во најголем дел врз основа на трговски кредити.




**Придонес на институционалните сектори во кварталната промена на бруто надворешни побарувања (мил. евра)**

Извор: НБРМ.

Од аспект на институционалните сектори, квартално зголемување на вкупните бруто надворешни побарувања е забележано кај сите сектори, најизразено кај останатите сектори (за 109 милиони евра), по што следи зголемувањето кај централната банка и капитално поврзаните субјекти (за 66 и 64 милиони евра, соодветно) и малиот раст кај депозитните институции (за 7 милиони евра).




Извор: НБРМ.

Во споредба со крајот на 2017 година, зголемувањето на надворешните побарувања (за 920 милиони евра) се должи на зголемените јавни и приватни побарувања (за 599 и 321 милион евра, соодветно). Притоа, доколку се исклучи ефектот од активностите на централната банка поврзани со управување со девизните резерви, јавните побарувања се повисоки за 308 милиони евра, а вкупните надворешни побарувања за 629 милиони евра.




Извор: НБРМ.

Секторски гледано, од почетокот на годината, најголем придонес за растот на вкупните надворешни побарувања има централната банка (со 599 милиони евра), по што следат останатите сектори (со 156 милиони евра), капитално поврзаните субјекти (со 124 милиони евра) и депозитните институции (со 41 милион евра).




Извор:НБРМ.

На 30.6.2018 година, нето надворешниот долг изнесува 2.995 милиони евра (28,4% од проектираниот БДП за оваа година). Во услови на поинтензивно зголемување на бруто надворешните побарувања во однос на зголемувањето на бруто надворешниот долг, нето надворешниот долг на земјата во текот на вториот квартал од 2018 година е намален за 81 милион евра (2,6%). Во однос на крајот на 2017 година, нето надворешниот долг е зголемен за 140 милиони евра (4,9%).




Извор:НБРМ.

Приватниот нето-долг и натаму има поголемо учество во вкупниот нето-долг (53,9%). Притоа, падот на нето-задолжувањето во текот на вториот квартал произлегува од истовременото намалување на јавниот и на приватниот нето-долг (за 41 и 40 милиони евра, соодветно).




Извор:НБРМ.

Од аспект на структурата на нето надворешниот долг според институционални сектори, нето-кредитори кон странство се само централната банка и депозитните институции.




Извор: НБРМ.

Негативната нето меѓународна инвестициска позиција (МИП), заклучно со вториот квартал 2018 година, изнесува 6.071 милион евра. Во текот на вториот квартал негативната нето МИП е намалена за 49 милиони евра (или 0,5 п.п. од проектираниот БДП).

**Структура на директни инвестиции, нето**
(мил. евра)




Извор: НБРМ.

Од аспект на структурата на нето МИП, најголем дел од нето-обврските (81,8%) произлегуваат од обврски врз основа на директни инвестиции од кои 3.574 милиони евра, односно 72% се нето-обврски врз основа на сопственички капитал.

**Придонес на средствата и обврските во кварталната промена на МИП, нето** (мил. евра)




Извор: НБРМ.

Кварталното намалување на негативната нето МИП произлегува од порастот на средствата (за 273 милиони евра), кои делумно се нетирани од растот на обврските (за 223 милиони евра).

**Придонес на нето-должничките и нето-сопственичките инструменти во кварталната промена на МИП, нето**
(мил. евра)




Извор: НБРМ.

Пониската негативна нето МИП се должи на намалените нето-обврски врз основа на должнички инструменти (за 81 милион евра), додека нето-обврските врз основа на сопственички инструменти бележат раст (за 32 милиони евра).




Извор: НБРМ.

Кварталното зголемување на нето-обврските од сопственички инструменти (32 милиона евра) се објаснува со растот на нето-обврските кај директните инвестиции (61 милион евра), делумно нетирани со зголемените нето-средства по портфолио-инвестиции (30 милиони евра). Притоа, минималното намалување е евидентирано и кај средствата кај монетарното злато за 0,4 милиони евра.




Извор: НБРМ.

Споредено со крајот на 2017 година, негативната нето МИП бележи збирен раст од 248 милиони евра, во најголем дел како резултат на растот на нето надворешниот долг (за 140 милиони евра), надополнет со растот и на нето-обврските врз основа на сопственички инструменти (за 108 милиони евра).

# ПРИЛОГ ТАБЕЛИ

Табела 1

**Бруто надворешен долг***

(милиони евра)

| | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | Кв.1 2017 | Кв.2 2017 | Кв.3 2017 | Кв.4 2017 | Кв.1 2018 | Кв.2 2018 | квартална промена | | промена во однос на крај на претходна година | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Инструменти | | | | | | | | | | | | | | во мил. евра | во %/п.п. | во мил. евра | во %/п.п. |
| Валути и депозити | 195.8 | 134.0 | 198.7 | 168.4 | 157.7 | 148.5 | 174.2 | 153.8 | 204.9 | 153.4 | 195.2 | 191.8 | 192.7 | 0.9 | 0.5 | -2.6 | -1.3 |
| Должнички хартии од вредност | 258.9 | 202.5 | 293.8 | 152.4 | 674.4 | 755.7 | 1,277.6 | 1,310.0 | 1,354.8 | 1,359.6 | 1,401.8 | 1,821.1 | 1,803.2 | -17.8 | -1.0 | 401.5 | 28.6 |
| Заеми | 2,674.0 | 3,377.7 | 3,499.2 | 3,791.2 | 3,981.8 | 4,153.8 | 4,326.2 | 4,629.7 | 4,540.7 | 4,480.3 | 4,202.1 | 4,455.0 | 4,576.5 | 121.6 | 2.7 | 374.4 | 8.9 |
| Трговски кредити и аванси | 860.5 | 1,033.4 | 1,093.1 | 1,028.2 | 1,040.1 | 1,144.9 | 1,340.8 | 1,508.3 | 1,510.0 | 1,540.8 | 1,485.8 | 1,713.6 | 1,771.8 | 58.2 | 3.4 | 286.0 | 19.3 |
| Останати обврски | 40.1 | 20.7 | 10.3 | 6.3 | 60.0 | 4.5 | 14.6 | 15.0 | 15.0 | 15.0 | 9.4 | 9.4 | 9.4 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Специјални права на влечење | 76.4 | 78.3 | 76.7 | 73.2 | 78.2 | 83.2 | 83.2 | 83.0 | 80.1 | 78.4 | 78.2 | 77.5 | 79.2 | 1.7 | 2.2 | 1.0 | 1.3 |
| **Бруто надворешен долг** | **4,105.7** | **4,846.6** | **5,171.7** | **5,219.7** | **5,992.3** | **6,290.5** | **7,216.6** | **7,699.7** | **7,705.4** | **7,627.6** | **7,372.5** | **8,268.4** | **8,432.9** | **164** | **2.0** | **1,060.4** | **14.4** |
| Сектори | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Држава | 1,113.4 | 1,464.2 | 1,589.8 | 1,608.9 | 2,125.6 | 2,091.0 | 2,511.9 | 2,545.0 | 2,597.1 | 2,523.5 | 2,565.9 | 2,880.7 | 2,874.6 | -6.1 | -0.2 | 308.7 | 12.0 |
| Централна банка | 76.4 | 310.8 | 234.2 | 73.2 | 78.2 | 83.2 | 83.2 | 436.5 | 332.6 | 383.0 | 78.2 | 369.6 | 372.1 | 3 | 0.7 | 293.9 | 375.7 |
| Депозитни институции, освен централна банка | 578.8 | 564.8 | 618.8 | 609.3 | 614.4 | 585.9 | 591.7 | 556.3 | 609.7 | 552.7 | 562.2 | 552.1 | 544.6 | -7.5 | -1.4 | -17.6 | -3.1 |
| Останати сектори | 1,464.8 | 1,702.6 | 1,730.9 | 1,758.9 | 1,879.8 | 1,845.6 | 2,077.5 | 2,057.4 | 2,040.5 | 2,065.2 | 2,098.5 | 2,198.3 | 2,281.1 | 82.7 | 3.8 | 182.6 | 8.7 |
| Директни инвестиции: Заеми меѓу поврзани субјекти | 872.3 | 804.2 | 997.9 | 1,169.4 | 1,294.2 | 1,684.7 | 1,952.2 | 2,104.5 | 2,125.5 | 2,103.2 | 2,067.6 | 2,267.7 | 2,360.5 | 92.8 | 4.1 | 292.9 | 14.2 |
| **Бруто надворешен долг** | **4,105.7** | **4,846.6** | **5,171.7** | **5,219.7** | **5,992.3** | **6,290.5** | **7,216.6** | **7,699.7** | **7,705.4** | **7,627.6** | **7,372.5** | **8,268.4** | **8,432.9** | **164.5** | **2.0** | **1,060.4** | **14.4** |
| **Бруто надворешен долг/БДП %** | **57.8** | **64.2** | **68.2** | **64.0** | **70.0** | **69.3** | **74.2** | **76.5** | **76.6** | **75.8** | **73.2** | **78.5** | **80.0** | | **1.6** | | **6.8** |
| ***Бруто надворешен долг без РЕПО*** | ***4,105.7*** | ***4,614.1*** | ***5,014.1*** | ***5,219.7*** | ***5,992.3*** | ***6,290.5*** | ***7,216.6*** | ***7,346.2*** | ***7,452.8*** | ***7,323.0*** | ***7,372.5*** | ***7,976.3*** | ***8,140.0*** | ***164*** | ***2.1*** | ***767.5*** | ***10.4*** |
| ***Бруто надворешен долг без РЕПО/БДП %*** | ***57.8*** | ***61.2*** | ***66.1*** | ***64.0*** | ***70.0*** | ***69.3*** | ***74.2*** | ***73.0*** | ***74.0*** | ***72.8*** | ***73.2*** | ***75.7*** | ***77.2*** | | ***1.6*** | | ***4.0*** |
| Долгорочен долг | 2,958.8 | 3,450.6 | 3,677.5 | 4,002.8 | 4,654.6 | 4,949.5 | 5,633.9 | 5,618.0 | 5,650.0 | 5,523.5 | 5,607.2 | 5,981.5 | 6,064.0 | 82.5 | 1.4 | 456.8 | 8.1 |
| Краткорочен долг | 1,146.9 | 1,396.0 | 1,494.1 | 1,216.9 | 1,337.7 | 1,341.0 | 1,582.7 | 2,081.7 | 2,055.4 | 2,104.1 | 1,765.2 | 2,286.9 | 2,368.8 | 81.9 | 3.6 | 603.6 | 34.2 |
| Долгорочен долг% | 72.1 | 71.2 | 71.1 | 76.7 | 77.7 | 78.7 | 78.1 | 73.0 | 73.3 | 72.4 | 76.1 | 72.3 | 71.9 | | -0.4 | | -4.1 |
| Краткорочен долг% | 27.9 | 28.8 | 28.9 | 23.3 | 22.3 | 21.3 | 21.9 | 27.0 | 26.7 | 27.6 | 23.9 | 27.7 | 28.1 | | 0.4 | | 4.1 |
| Долгорочен долг/БДП % | 41.6 | 45.7 | 48.5 | 49.1 | 54.4 | 54.6 | 57.9 | 55.8 | 56.1 | 54.9 | 55.7 | 56.8 | 57.5 | | 0.8 | | 1.8 |
| Краткорочен долг/БДП % | 16.1 | 18.5 | 19.7 | 14.9 | 15.6 | 14.8 | 16.3 | 20.7 | 20.4 | 20.9 | 17.5 | 21.7 | 22.5 | | 0.8 | | 4.9 |
| **Јавен долг** | **1,424.8** | **2,061.1** | **2,162.1** | **2,172.4** | **2,846.8** | **2,933.7** | **3,445.3** | **3,819.9** | **3,741.0** | **3,710.2** | **3,461.8** | **4,053.1** | **4,077.9** | **25** | **0.6** | **616.1** | **17.8** |
| Држава | 1,113.4 | 1,464.2 | 1,589.8 | 1,608.9 | 2,125.6 | 2,091.0 | 2,511.9 | 2,545.0 | 2,597.1 | 2,523.5 | 2,565.9 | 2,880.7 | 2,874.6 | -6.1 | -0.2 | 308.7 | 12.0 |
| Централна банка | 76.4 | 310.8 | 234.2 | 73.2 | 78.2 | 83.2 | 83.2 | 436.5 | 332.6 | 383.0 | 78.2 | 369.6 | 372.1 | 2.5 | 0.7 | 293.9 | 375.7 |
| Јавни банки и јавни претпријатија | 235.0 | 286.0 | 338.1 | 490.3 | 643.0 | 759.4 | 850.2 | 838.3 | 811.3 | 803.6 | 817.6 | 802.8 | 831.2 | 28.3 | 3.5 | 13.5 | 1.7 |
| **Приватен долг** | **2,680.9** | **2,785.5** | **3,009.5** | **3,047.4** | **3,145.5** | **3,356.9** | **3,771.2** | **3,879.9** | **3,964.3** | **3,917.4** | **3,910.7** | **4,215.3** | **4,355.0** | **139.7** | **3.3** | **444.3** | **11.4** |
| Јавен долг% | 34.7 | 42.5 | 41.8 | 41.6 | 47.5 | 46.6 | 47.7 | 49.6 | 48.6 | 48.6 | 47.0 | 49.0 | 48.4 | | -0.7 | | 1.4 |
| Приватен долг% | 65.3 | 57.5 | 58.2 | 58.4 | 52.5 | 53.4 | 52.3 | 50.4 | 51.4 | 51.4 | 53.0 | 51.0 | 51.6 | | 0.7 | | -1.4 |
| Јавен долг/БДП % | 20.0 | 27.3 | 28.5 | 26.7 | 33.2 | 32.3 | 35.4 | 37.9 | 37.2 | 36.9 | 34.4 | 38.5 | 38.7 | | 0.2 | | 4.3 |
| Приватен долг/БДП % | 37.7 | 36.9 | 39.7 | 37.4 | 36.7 | 37.0 | 38.8 | 38.5 | 39.4 | 38.9 | 38.9 | 40.0 | 41.3 | | 1.3 | | 2.5 |

*/Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2017 година е проценет (извор: ДЗС, соопштение „Бруто домашен производ на Република Македонија“ од 6.9.2018). Податокот за 2018 година е проекција на НБРМ.

Извор: НБРМ.

Табела 2

**Бруто надворешни побарувања***

(милиони евра)

| | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | Кв.1 2017 | Кв.2 2017 | Кв.3 2017 | Кв.4 2017 | Кв.1 2018 | Кв.2 2018 | квартална промена | | промена во однос на крај на претходна година | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Инструменти | | | | | | | | | | | | | | во мил. евра | во %/п.п. | во мил. евра | во %/п.п. |
| Валути и депозити | 903.1 | 995.2 | 961.3 | 711.6 | 896.5 | 900.8 | 891.4 | 1,015.7 | 909.0 | 784.5 | 1,002.0 | 847.3 | 951.8 | 104.5 | 12.3 | -50.2 | -5.0 |
| Должнички хартии од вредност | 1,139.7 | 1,394.3 | 1,492.2 | 1,627.7 | 1,943.7 | 1,773.3 | 2,122.6 | 1,841.8 | 1,805.6 | 1,865.6 | 1,750.2 | 2,180.0 | 2,148.3 | -31.7 | -1.5 | 398.1 | 22.7 |
| Заеми | 271.1 | 561.2 | 629.1 | 494.5 | 286.7 | 244.8 | 258.4 | 755.3 | 635.4 | 642.0 | 391.4 | 698.1 | 701.3 | 3.2 | 0.5 | 309.9 | 79.2 |
| Трговски кредити и аванси | 640.7 | 779.4 | 788.8 | 865.9 | 1,014.5 | 1,113.7 | 1,309.2 | 1,355.1 | 1,424.6 | 1,472.9 | 1,369.3 | 1,462.3 | 1,631.8 | 169.5 | 11.6 | 262.4 | 19.2 |
| Останати побарувања | 0.5 | 0.0 | 0.0 | 1.4 | 1.5 | 2.0 | 0.6 | 0.7 | 0.3 | 0.2 | 0.8 | 0.8 | 0.9 | 0.1 | 13.2 | 0.1 | 15.6 |
| Специјални права на влечење | 0.9 | 0.6 | 1.2 | 3.3 | 4.3 | 4.8 | 4.7 | 4.7 | 4.4 | 4.2 | 4.1 | 4.0 | 3.9 | -0.1 | -1.7 | -0.2 | -5.9 |
| **Бруто надворешни побарувања** | **2,956.1** | **3,730.7** | **3,872.6** | **3,704.5** | **4,147.2** | **4,039.4** | **4,587.0** | **4,973.3** | **4,779.3** | **4,769.4** | **4,517.8** | **5,192.4** | **5,437.8** | **245.4** | **4.7** | **920.0** | **20.4** |
| Сектори | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Држава | 45.6 | 46.8 | 45.9 | 43.9 | 49.8 | 15.1 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Централна банка | 1,482.8 | 2,034.9 | 2,053.8 | 1,802.7 | 2,220.8 | 2,049.0 | 2,370.2 | 2,660.6 | 2,438.9 | 2,335.7 | 2,096.8 | 2,630.2 | 2,695.8 | 65.7 | 2.5 | 599.0 | 28.6 |
| Депозитни институции, освен централна банка | 572.8 | 603.1 | 572.7 | 557.8 | 641.1 | 641.4 | 653.2 | 582.5 | 556.3 | 623.0 | 658.9 | 693.0 | 700.1 | 7.1 | 1.0 | 41.2 | 6.3 |
| Останати сектори | 571.8 | 722.3 | 712.8 | 761.3 | 875.1 | 799.6 | 857.6 | 903.8 | 909.5 | 891.0 | 915.5 | 962.5 | 1,071.4 | 108.9 | 11.3 | 155.9 | 17.0 |
| Директни инвестиции: Заеми меѓу поврзани претпријатија | 282.9 | 323.6 | 487.4 | 538.8 | 360.3 | 534.4 | 706.0 | 826.5 | 874.7 | 919.6 | 846.5 | 906.7 | 970.4 | 63.7 | 7.0 | 123.9 | 14.6 |
| **Бруто надворешни побарувања** | **2,956.1** | **3,730.7** | **3,872.6** | **3,704.5** | **4,147.2** | **4,039.4** | **4,587.0** | **4,973.3** | **4,779.3** | **4,769.4** | **4,517.8** | **5,192.4** | **5,437.8** | **245.4** | **4.7** | **920.0** | **20.4** |
| **Бруто надворешни побарувања/БДП %** | **41.6** | **49.5** | **51.1** | **45.5** | **48.4** | **44.5** | **47.2** | **49.4** | **47.5** | **47.4** | **44.9** | **49.3** | **51.6** | | **2.3** | | **6.7** |
| ***Бруто надворешни побарувања без обратни репо*** | ***2,956.1*** | ***3,497.6*** | ***3,736.6*** | ***3,704.5*** | ***4,147.2*** | ***4,039.4*** | ***4,587.0*** | ***4,591.4*** | ***4,499.3*** | ***4,463.8*** | ***4,517.8*** | ***4,901.2*** | ***5,146.5*** | ***245.3*** | **5.0** | ***628.7*** | ***13.9*** |
| ***Бруто надворешни побарувања без обратни репо /*** | ***41.6*** | ***46.4*** | ***49.3*** | ***45.5*** | ***48.4*** | ***44.5*** | ***47.2*** | ***45.6*** | ***44.7*** | ***44.3*** | ***44.9*** | ***46.5*** | ***48.8*** | | **2.3** | | ***4.0*** |
| Долгорочни побарувања | 1,352.6 | 1,655.3 | 1,898.6 | 2,093.4 | 2,235.6 | 2,024.7 | 2,284.6 | 2,073.1 | 1,927.6 | 1,908.1 | 1,898.0 | 2,217.4 | 2,186.9 | -30.5 | -1.4 | 288.9 | 15.2 |
| Краткорочни побарувања | 1,603.4 | 2,075.4 | 1,974.0 | 1,611.1 | 1,911.6 | 2,014.7 | 2,302.4 | 2,900.2 | 2,851.7 | 2,861.3 | 2,619.8 | 2,975.0 | 3,250.9 | 275.9 | 9.3 | 631.1 | 24.1 |
| Долгорочни побарувања% | 45.8 | 44.4 | 49.0 | 56.5 | 53.9 | 50.1 | 49.8 | 41.7 | 40.3 | 40.0 | 42.0 | 42.7 | 40.2 | | -2.5 | | -1.8 |
| Краткорочни побарувања% | 54.2 | 55.6 | 51.0 | 43.5 | 46.1 | 49.9 | 50.2 | 58.3 | 59.7 | 60.0 | 58.0 | 57.3 | 59.8 | | 2.5 | | 1.8 |
| Долгорочни побарувања/БДП % | 19.0 | 21.9 | 25.0 | 25.7 | 26.1 | 22.3 | 23.5 | 20.6 | 19.2 | 19.0 | 18.9 | 21.0 | 20.8 | | -0.3 | | 1.9 |
| Краткорочни побарувања/БДП % | 22.6 | 27.5 | 26.0 | 19.8 | 22.3 | 22.2 | 23.7 | 28.8 | 28.3 | 28.4 | 26.0 | 28.2 | 30.8 | | 2.6 | | 4.8 |
| **Јавни побарувања** | **1,528.4** | **2,081.7** | **2,099.8** | **1,846.6** | **2,270.6** | **2,064.1** | **2,370.2** | **2,660.6** | **2,438.9** | **2,335.7** | **2,096.8** | **2,630.2** | **2,695.8** | **65.7** | **2.5** | **599.0** | **28.6** |
| Држава | 45.6 | 46.8 | 45.9 | 43.9 | 49.8 | 15.1 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Централна банка | 1,482.8 | 2,034.9 | 2,053.8 | 1,802.7 | 2,220.8 | 2,049.0 | 2,370.2 | 2,660.6 | 2,438.9 | 2,335.7 | 2,096.8 | 2,630.2 | 2,695.8 | 65.7 | 2.5 | 599.0 | 28.6 |
| Јавни банки и јавни претпријатија | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | | | | |
| **Приватни побарувања** | **1,427.6** | **1,649.0** | **1,772.9** | **1,857.9** | **1,876.5** | **1,975.3** | **2,216.7** | **2,312.8** | **2,340.4** | **2,433.7** | **2,420.9** | **2,562.2** | **2,742.0** | **179.8** | **7.0** | **321.0** | **13.3** |
| Јавни побарувања% | 51.7 | 55.8 | 54.2 | 49.8 | 54.8 | 51.1 | 51.7 | 53.5 | 51.0 | 49.0 | 46.4 | 50.7 | 49.6 | | -1.1 | | 3.2 |
| Приватни побарувања% | 48.3 | 44.2 | 45.8 | 50.2 | 45.2 | 48.9 | 48.3 | 46.5 | 49.0 | 51.0 | 53.6 | 49.3 | 50.4 | | 1.1 | | -3.2 |
| Јавни побарувања/БДП % | 21.5 | 27.6 | 27.7 | 22.7 | 26.5 | 22.8 | 24.4 | 26.4 | 24.2 | 23.2 | 20.8 | 25.0 | 25.6 | | 0.6 | | 4.7 |
| Приватни побарувања/БДП % | 20.1 | 21.9 | 23.4 | 22.8 | 21.9 | 21.8 | 22.8 | 23.0 | 23.3 | 24.2 | 24.1 | 24.3 | 26.0 | | 1.7 | | 2.0 |

*/Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2017 година е проценет (извор: ДЗС, соопштение „Бруто домашен производ на Република Македонија" од 6.9.2018). Податокот за 2018 година е проекција на НБРМ.

Извор: НБРМ.

Табела 3

**Нето надворешен долг***

(милиони евра)

| | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | Кв.1 2017 | Кв.2 2017 | Кв.3 2017 | Кв.4 2017 | Кв.1 2018 | Кв.2 2018 | квартална промена | | промена во однос на крај на претходна година | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Инструменти | | | | | | | | | | | | | | во мил. евра | во %/п.п. | во мил. евра | во %/п.п. |
| Валути и депозити | -707.3 | -861.1 | -762.6 | -543.2 | -738.8 | -752.3 | -717.2 | -861.9 | -704.1 | -631.1 | -806.7 | -655.5 | -759.1 | -103.6 | 15.8 | 47.6 | -5.9 |
| Должнички хартии од вредност | -880.8 | -1,191.8 | -1,198.4 | -1,475.3 | -1,269.3 | -1,017.6 | -845.0 | -531.8 | -450.9 | -505.9 | -348.4 | -358.9 | -345.0 | 13.9 | -3.9 | 3.4 | -1.0 |
| Заеми | 2,402.9 | 2,816.5 | 2,870.0 | 3,296.8 | 3,695.1 | 3,909.0 | 4,067.8 | 3,874.3 | 3,905.3 | 3,838.3 | 3,810.7 | 3,756.9 | 3,875.3 | 118.4 | 3.2 | 64.6 | 1.7 |
| Трговски кредити и аванси | 219.7 | 253.9 | 304.3 | 162.3 | 25.7 | 31.1 | 31.6 | 153.2 | 85.4 | 67.9 | 116.4 | 251.3 | 140.0 | -111.3 | -44.3 | 23.6 | 20.3 |
| Останати обврски | 39.6 | 20.7 | 10.3 | 4.8 | 58.5 | 2.5 | 14.0 | 14.3 | 14.7 | 14.8 | 8.7 | 8.7 | 8.6 | -0.1 | -1.2 | -0.1 | -1.4 |
| Специјални права на влечење | 75.5 | 77.7 | 75.5 | 69.9 | 73.9 | 78.4 | 78.5 | 78.3 | 75.6 | 74.2 | 74.1 | 73.6 | 75.4 | 1.8 | 2.4 | 1.3 | 1.7 |
| **Нето надворешен долг** | **1,149.7** | **1,115.9** | **1,299.1** | **1,515.2** | **1,845.1** | **2,251.2** | **2,629.6** | **2,726.4** | **2,926.0** | **2,858.2** | **2,854.7** | **3,076.0** | **2,995.1** | **-81.0** | **-2.6** | **140.4** | **4.9** |
| Сектори | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Држава | 1,067.8 | 1,417.4 | 1,543.9 | 1,565.0 | 2,075.8 | 2,075.9 | 2,511.9 | 2,545.0 | 2,597.1 | 2,523.5 | 2,565.9 | 2,880.7 | 2,874.6 | -6.1 | -0.2 | 308.7 | 12.0 |
| Централна банка | -1,406.4 | -1,724.1 | -1,819.6 | -1,729.5 | -2,142.7 | -1,965.8 | -2,287.0 | -2,224.1 | -2,106.3 | -1,952.7 | -2,018.6 | -2,260.6 | -2,323.7 | -63.2 | 2.8 | -305.1 | 15.1 |
| Депозитни институции, освен централна бан | 5.9 | -38.3 | 46.1 | 51.5 | -26.7 | -55.4 | -61.5 | -26.2 | 53.4 | -70.3 | -96.7 | -140.9 | -155.5 | -14.6 | 10.4 | -58.8 | 60.8 |
| Останати сектори | 893.0 | 980.3 | 1,018.1 | 997.6 | 1,004.7 | 1,046.1 | 1,220.0 | 1,153.6 | 1,131.0 | 1,174.1 | 1,183.0 | 1,235.8 | 1,209.6 | -26.1 | -2.1 | 26.7 | 2.3 |
| Директни инвестиции: Заеми меѓу поврзани субјекти | 589.4 | 480.6 | 510.6 | 630.6 | 933.9 | 1,150.4 | 1,246.2 | 1,278.0 | 1,250.8 | 1,183.6 | 1,221.1 | 1,361.0 | 1,390.1 | 29.0 | 2.1 | 169.0 | 13.8 |
| **Нето надворешен долг** | **1,149.7** | **1,115.9** | **1,299.1** | **1,515.2** | **1,845.1** | **2,251.2** | **2,629.6** | **2,726.4** | **2,926.0** | **2,858.2** | **2,854.7** | **3,076.0** | **2,995.1** | **-81.0** | **-2.6** | **140.4** | **4.9** |
| **Нето надворешен долг/БДП %** | **16.2** | **14.8** | **17.1** | **18.6** | **21.5** | **24.8** | **27.0** | **27.1** | **29.1** | **28.4** | **28.4** | **29.2** | **28.4** | | **-0.8** | | **0.1** |
| Долгорочен долг | 1,606.2 | 1,795.3 | 1,778.9 | 1,909.4 | 2,419.1 | 2,924.9 | 3,349.3 | 3,544.9 | 3,722.3 | 3,615.4 | 3,709.3 | 3,764.2 | 3,877.1 | 113.0 | 3.0 | 167.9 | 4.5 |
| Краткорочен долг | -456.5 | -679.4 | -479.8 | -394.2 | -574.0 | -673.7 | -719.7 | -818.4 | -796.3 | -757.2 | -854.6 | -688.1 | -882.1 | -194.0 | 28.2 | -27.5 | 3.2 |
| Долгорочен долг% | 139.7 | 160.9 | 136.9 | 126.0 | 131.1 | 129.9 | 127.4 | 130.0 | 127.2 | 126.5 | 129.9 | 122.4 | 129.5 | | 7.1 | | -0.5 |
| Краткорочен долг% | -39.7 | -60.9 | -36.9 | -26.0 | -31.1 | -29.9 | -27.4 | -30.0 | -27.2 | -26.5 | -29.9 | -22.4 | -29.5 | | -7.1 | | 0.5 |
| Долгорочен долг/БДП % | 22.6 | 23.8 | 23.5 | 23.4 | 28.3 | 32.2 | 34.4 | 35.2 | 37.0 | 35.9 | 36.9 | 35.7 | 36.8 | | 1.1 | | -0.1 |
| Краткорочен долг/БДП % | -6.4 | -9.0 | -6.3 | -4.8 | -6.7 | -7.4 | -7.4 | -8.1 | -7.9 | -7.5 | -8.5 | -6.5 | -8.4 | | -1.8 | | 0.1 |
| **Јавен долг** | **-103.6** | **-20.6** | **62.4** | **325.8** | **576.1** | **869.6** | **1,075.1** | **1,159.3** | **1,302.1** | **1,374.5** | **1,364.9** | **1,422.9** | **1,382.0** | **-40.9** | **-2.9** | **17.1** | **1.3** |
| Држава | 1,067.8 | 1,417.4 | 1,543.9 | 1,565.0 | 2,075.8 | 2,075.9 | 2,511.9 | 2,545.0 | 2,597.1 | 2,523.5 | 2,565.9 | 2,880.7 | 2,874.6 | -6.1 | -0.2 | 308.7 | 12.0 |
| Централна банка | -1,406.4 | -1,724.1 | -1,819.6 | -1,729.5 | -2,142.7 | -1,965.8 | -2,287.0 | -2,224.1 | -2,106.3 | -1,952.7 | -2,018.6 | -2,260.6 | -2,323.7 | -63.2 | 2.8 | -305.1 | 15.1 |
| Јавни банки и јавни претпријатија | 235.0 | 286.0 | 338.1 | 490.3 | 643.0 | 759.4 | 850.2 | 838.3 | 811.3 | 803.6 | 817.6 | 802.8 | 831.2 | 28.3 | 3.5 | 13.5 | 1.7 |
| **Приватен долг** | **1,253.3** | **1,136.5** | **1,236.7** | **1,189.5** | **1,268.9** | **1,381.6** | **1,554.5** | **1,567.1** | **1,623.9** | **1,483.8** | **1,489.8** | **1,653.1** | **1,613.0** | **-40.0** | **-2.4** | **123.3** | **8.3** |
| Јавен долг% | -9.0 | -1.8 | 4.8 | 21.5 | 31.2 | 38.6 | 40.9 | 42.5 | 44.5 | 48.1 | 47.8 | 46.3 | 46.1 | | -0.1 | | -1.7 |
| Приватен долг% | 109.0 | 101.8 | 95.2 | 78.5 | 68.8 | 61.4 | 59.1 | 57.5 | 55.5 | 51.9 | 52.2 | 53.7 | 53.9 | | 0.1 | | 1.7 |
| Јавен долг/БДП % | -1.5 | -0.3 | 0.8 | 4.0 | 6.7 | 9.6 | 11.1 | 11.5 | 12.9 | 13.7 | 13.6 | 13.5 | 13.1 | | -0.4 | | -0.4 |
| Приватен долг/БДП % | 17.6 | 15.1 | 16.3 | 14.6 | 14.8 | 15.2 | 16.0 | 15.6 | 16.1 | 14.7 | 14.8 | 15.7 | 15.3 | | -0.4 | | 0.5 |

*/Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2017 година е проценет (извор: ДЗС, соопштение „Бруто домашен производ на Република Македонија" од 6.9.2018). Податокот за 2018 година е проекција на НБРМ.

Извор: НБРМ

Табела 4

## Меѓународна инвестициска позиција*

(милиони евра)

| | | | | | | | | | | | | | | квартална промена | | во однос на крај на претходна година | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | Кв.1-2017 | Кв.2-2017 | Кв.3-2017 | Кв.4-2017 | Кв.1-2018 | Кв.2-2018 | во мил. евра | во %/ п.п. | во мил. евра | во %/ п.п. |
| **МИП-нето** | **-3,629.5** | **-3,965.8** | **-4,177.6** | **-4,558.4** | **-4,549.0** | **-5,082.7** | **-5,576.0** | **-5,673.9** | **-5,888.4** | **-5,826.2** | **-5,822.5** | **-6,119.9** | **-6,070.7** | **49.2** | **-0.8** | **-248.2** | **4.3** |
| Средства | 3,258.4 | 4,113.2 | 4,257.5 | 4,082.5 | 4,634.0 | 4,571.9 | 5,171.3 | 5,573.8 | 5,383.4 | 5,397.4 | 5,157.3 | 5,845.4 | 6,118.0 | **272.6** | **4.7** | **960.7** | **18.6** |
| Обврски | 6,887.9 | 8,079.0 | 8,435.1 | 8,640.8 | 9,183.0 | 9,654.6 | 10,747.3 | 11,247.7 | 11,271.8 | 11,223.6 | 10,979.8 | 11,965.2 | 12,188.6 | **223.4** | **1.9** | **1,208.8** | **11.0** |
| **МИП-нето/БДП (%)** | **-51.1** | **-52.6** | **-55.1** | **-55.9** | **-53.1** | **-56.0** | **-57.3** | **-56.4** | **-58.5** | **-57.9** | **-57.8** | **-58.1** | **-57.6** | | **0.5** | | **0.2** |
| *Сектори* | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| МИП, нето-држава | -1,067.8 | -1,417.4 | -1,539.9 | -1,561.0 | -2,071.9 | -2,072.0 | -2,508.0 | -2,541.1 | -2,593.1 | -2,519.5 | -2,562.0 | -2,876.0 | -2,870.0 | 6.1 | -0.2 | -308.0 | 12.0 |
| МИП, нето-централна банка | 1,638.8 | 1,991.8 | 2,095.8 | 1,920.4 | 2,358.9 | 2,179.2 | 2,530.9 | 2,480.5 | 2,348.1 | 2,194.6 | 2,258.7 | 2,499.3 | 2,562.0 | 62.8 | 2.5 | 303.3 | 13.4 |
| МИП, нето-депозитни институции освен централната ба | -416.8 | -420.6 | -536.6 | -580.1 | -534.5 | -541.2 | -574.3 | -606.5 | -692.6 | -581.9 | -557.2 | -489.1 | -483.1 | 5.9 | -1.2 | 74.1 | -13.3 |
| МИП, нето-останати сектори | -3,783.8 | -4,119.5 | -4,196.8 | -4,337.6 | -4,301.6 | -4,648.7 | -5,024.6 | -5,006.8 | -4,950.8 | -4,919.3 | -4,962.0 | -5,254.0 | -5,279.6 | -25.6 | 0.5 | -317.6 | 6.4 |
| **МИП, нето** | **-3,629.5** | **-3,965.8** | **-4,177.6** | **-4,558.4** | **-4,549.0** | **-5,082.7** | **-5,576.0** | **-5,673.9** | **-5,888.4** | **-5,826.2** | **-5,822.5** | **-6,119.9** | **-6,070.7** | **49.2** | **-0.8** | **-248.2** | **4.3** |
| Директни инвестиции, нето | -3,181.3 | -3,520.8 | -3,613.3 | -3,867.9 | -3,902.7 | -4,296.3 | -4,580.3 | -4,630.9 | -4,622.5 | -4,574.1 | -4,630.5 | -4,873.6 | -4,963.7 | -90.1 | 1.8 | -333.2 | 7.2 |
| Портфолио инвестиции, нето | -372.7 | -279.2 | -345.2 | -145.5 | -621.7 | -636.2 | -1,107.0 | -1,131.1 | -1,160.9 | -1,153.1 | -1,176.1 | -1,567.4 | -1,519.1 | 48.2 | -3.1 | -343.0 | 29.2 |
| Финансиски деривати (освен резервите) и опции на вработените за купување акции, нето | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | | 0.0 | |
| Останат сопственички капитал, нето | 0.0 | 0.0 | 0.0 | -3.2 | -3.5 | -3.4 | -4.9 | -3.5 | -2.2 | -0.9 | 0.5 | 0.4 | -0.2 | -0.6 | -139.1 | -0.7 | -135.3 |
| Валути и депозити, нето | 359.3 | 454.1 | 338.3 | 371.6 | 466.0 | 467.0 | 453.1 | 404.1 | 332.0 | 446.4 | 440.3 | 477.0 | 483.2 | 6.2 | 1.3 | 42.9 | 9.8 |
| Заеми, нето | -1,942.1 | -2,465.8 | -2,525.4 | -2,791.8 | -2,926.3 | -2,894.7 | -2,962.6 | -2,875.3 | -2,862.5 | -2,799.9 | -2,815.9 | -2,755.9 | -2,844.8 | -88.8 | 3.2 | -28.8 | 1.0 |
| Шеми за осигурителни, пензиски и стандардизирани гаранции, нето | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | | 0.0 | |
| Трговски кредити и аванси, нето | -130.8 | -144.8 | -148.7 | -42.9 | 79.4 | 100.7 | 94.9 | 111.3 | 108.2 | 62.7 | 101.1 | 99.9 | 210.7 | 110.8 | 110.8 | 109.6 | 108.4 |
| Останати сметки за наплата/плаќање, нето | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 1.4 | 1.5 | 1.7 | 0.5 | 0.2 | -0.3 | -0.3 | 0.1 | 0.1 | 0.2 | 0.1 | 71.8 | 0.1 | 93.3 |
| Девизни резерви | 1,714.5 | 2,068.9 | 2,193.3 | 1,993.0 | 2,436.5 | 2,261.8 | 2,613.4 | 2,534.4 | 2,399.9 | 2,271.4 | 2,336.3 | 2,577.1 | 2,642.2 | 65.1 | 2.5 | 305.9 | 13.1 |
| Специјални права на влечење, нето | -76.4 | -78.3 | -76.7 | -73.2 | -78.2 | -83.2 | -83.2 | -83.0 | -80.1 | -78.4 | -78.2 | -77.5 | -79.2 | -1.7 | 2.2 | -1.0 | 1.3 |

*/Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2017 година е проценет (извор: ДЗС, соопштение „Бруто домашен производ на Република на Македонија" од 6.9.2018). Податокот за 2018 година е проекција на НБРМ.

Извор:НБРМ.